This project is funded by the European Union
Овој проект е финасиран од Европската Унија

A project implemented by the Coalition All for Fair trials
Проектот е имплементиран од Коалиција Сите за правично судење

КОАЛИЦИЈА
KOALICIONI
KOALICIJA
СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

# МОНИТОРИНГ БРИФ

## АКТУЕЛНИ ВИСОКО-ПРОФИЛИРАНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

**КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ**
УЛ. МАКЕДОНИЈА 11/2-10, 1000 СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Е-пошта: contact@all4fairtrials.org.mk
Тел: +389 2 6139874
www.otvorrenosudstvo.org.mk
www.all4fairtrials.org.mk

ЈУЛИ 2022

**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Лејла Тутиќ

**Дизајн:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата Сите за правично судење и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организираниот криминал и корупцијата

### „ТРАЕКТОРИЈА“ КОК-52/17

На 12.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ“ КОК-30/20

На 07.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани сведоци, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 11.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани вешти лице, по предлог на застапникот на обвинението.

### „ТАРИФА“ КОК-24/21

На 12.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради непотполн судечки совет.

### „СОФТВЕРИ“ КОК-164/21

На 04.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа беа изведувани материјални докази, предложени од страна на јавниот обвинител.

На 06.07.2022 година и 13.07.2022 година на закажаните рочишта за главна расправа, се спроведе испитување на вешто лице од областа на дигитална форензика, по предлог на јавниот обвинител.

### „Член на Судски совет З.Т“ КОК-27/21

На 05.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на ангажирани бранители во постапката, а заради здравствени причини.

### „ПОШТЕНСКА БАНКА“ КОК-124/21

На 08.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на бранител а заради здравствени причини.

### „ПРОДУЦЕНТ“ КОК-144/21

На 15.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на бранителот на еден од обвинетите во постапката.

### „ДИАМЕД“ КОК-44/21

На 12.07.2022 година рочиштето за главна расправа се одложи поради отсуство на јавниот обвинител.

# Останати судски предмети

## „КАМЧЕВ ПРОТИВ БОЈАН ЈОВАНОВСКИ И КАТИЦА ЈАНЕВА“ П4-739/21

На 07.07.2022 година на рочиштето за главна расправа беа дадени завршни зборови од страна на странките во постапката.

На 15.07.2022 година, Судот донесе и јавно објави пресуда со која го одби тужбеното барање на тужителот.

## „КАМПАЊА“ К-416/21

На 06.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи, поради отсуство на обвинетиот во постапката.

## „ТОТАЛ“ К-1493/17

На 06.07.2022 година, рочиштето за главна расправа се одложи по барање на одбраната, а заради промена на дел бранители, ангажирани во постапката.

## „ТРЕВНИК“ К-1925/20

На 18.07.2022 година, на закажаното рочиште, Судот донесе и јавно објави ослободителна пресуда.

## К-1528/22

На 26.07.2022 година, на рочиштето за главна расправа, обвинетите во постапката признаа вина и Судот врз база на даденото признание, донесе осудителна пресуда.